# Дневна хемеротека за *04.05.2016г.*

## МКД - *Загадувањето се уште горлив проблем, резултати од анализите на воздухот кон средината на мај*

МКД

ЈАВНОСТА ЌЕ ПОЧЕКА ЗА ИЗВОРИТЕ НА ШТЕТНИ МАТЕРИИ

### Загадувањето се уште горлив проблем, резултати од анализите на воздухот кон средината на мај

Министерството за животна средина се уште чека на податоците од филтрите од Скопје и Тетово. За нив беше речено дека апсорбираат штетни честички, а нивни примероци за хемиска анализа беа испратени во Финска и Австрија. Иако претходно како термин беше споменуван крајот на април, сепак, од министерството сега велат дека јавноста ќе почека на податоците со факторите за аерозагадувањето барем до средината на мај.



СПОДЕЛИ

Share

Tweet

„Ги чекавме до крајот на април, но се уште не се стигнати резултатите. Веројатно деновиве ќе стигнат. И после тоа нашите експерти ќе треба 10-ина денови да ги средат податоците, за да можат соодветно да се презентираат

пред јавноста, бидејќи ќе бидат тоа 'суви' податоци, непреработени. До средина на мај, генерално, треба да бидат готови податоците. Примероците се испратени уште пред два месеци", вели за МКД.мк Сашо Секуловски, потпарол на Министерство за животна средина и просторно планирање.

За овој заеднички проект со владите на Финска и Австрија на почетокот на годинава обзнани бившиот министер Нурхан Изаири. Тоа беше во период кога граѓани од урбанизираните подрачја за да не ги црнат белите дробови мораа со маски на лицата да се шетаат по улица, се бараа решенија и се вршеше притисок преку протести, а Изаири со најавата за проектот „смируваше" ситуација.

Притоа рече дека со хемиската анализа би се дознало потеклото на штетните чистички и кој извор колку учествува во целокупното аерозагадување. Односно, индикаторите ќе и бидат познати на јавноста, па „нема да има шпекулации за тоа дали во загадување влијае - загревањата на домаќинствата, сообраќајот, индустријата или нешто друго".

Од тогаш поминаа четири месеци. Променливото пролетно време и нестабилната политичка клима како да ги оддалечија локалните дишачи и институции од горливиот проблем со аерозагадувањето. Сега амбиенталниот воздух не „пече" на нос и очи, но измерените вредности во урбаните делови се уште се далеку од еко-стандардизацијата од законодавството на ЕУ, чиј потписник е и Македонија.

Имено, жителите на Тетово, Скопје, Кичево, Кавадарци, Кочани, Велес, Куманово и Битола веќе во првите месеци од 2016 се надишија загаден воздух колку за цела година!

| Станица | Последно надминување | Концентрација (µg/m3) | Вкупен број | Дозволен број |
|---|---|---|---|---|
| Центар | 2016-04-20 | 56.2 | 65 | 35 |
| Карпош | 2016-04-18 | 51.0 | 51 | 35 |
| Лисиче | 2016-04-14 | 51.9 | 65 | 35 |
| Гази Баба | 2016-04-02 | 284.8 | 71 | 35 |
| Ректорат | 2016-04-20 | 72.0 | 59 | 35 |
| Миладиновци | 2016-02-13 | 50.8 | 24 | 35 |
| Мршевци | - | - | 0 | 35 |
| Битола 1 | 2016-04-19 | 53.2 | 33 | 35 |
| Битола 2 | 2016-04-20 | 75.2 | 60 | 35 |
| Кичево | 2016-04-19 | 53.7 | 72 | 35 |
| Лазарополе | 2016-04-15 | 50.3 | 1 | 35 |
| Тетово | 2016-04-30 | 51.4 | 108 | 35 |
| Велес 1 | - | - | 0 | 35 |
| Велес 2 | 2016-04-23 | 50.1 | 50 | 35 |
| Кочани | 2016-04-20 | 68.7 | 42 | 35 |
| Кавадарци | 2016-04-14 | 55.5 | 41 | 35 |
| Куманово | 2016-04-20 | 65.7 | 40 | 35 |

За отровните честички ПМ 10, во текот на целата година е дозволено само 35 пати/денови да се надмине границата од 50 микрограми на метар кубен. Но, досега во скопска Гази Баба регистрирано е надминување во 71 ден, во Центар и Лисиче - 65, во Кичево 72, Битола - 60, Велес - 50, Кавадарци - 40 денови.

Тетово, пак, повторно високо котира во листите на регионалните и континенталните организации за трката за најзагаден град во Европа. Досега во 2016 година се поминати 123 денови, а градот под Шара бил „богат“ со честички дури низ 108 денови. Ова значи, тетовчани дишеле незагаден воздух само во 15 денови!

Голем број невладини организации се уште сметаат дека врз населението се врши еколошки геноцид, т.н. екоцид. Кон здружената иницијатива „Излези за воздух“ се приклучија над 20 организации и граѓански иницијативи од Скопје,

Тетово и Битола, а меѓу другото, предложија да се изработи план за режим за сообраќај кој ќе се активира веднаш штом се надминат граничните вредности на загадувачки материи и доколку тоа трае подолго од 24 часа.

Планот подразбира координација помеѓу надлажните општини и МВР. Со него задолжително би се намалил цената на јавниот сообраќај, би вклучил забрана за движење на возила со понизок стандард од ЕУРО 4 и возила на дизел, а во пошироките централни подрачја воопшто да не се движат патнички возила, туку сообраќајот да се одвива преку јавен превоз и велосипеди. Ова би важело во денови алармантно загадување, пракса која веќе е регистрирана во повеќе загадени градови низ светот.

За секторот градежништво се бара задолжителна примена на мерките за заштита од емисии на прашина за сите објекти, спроведување на редовни инспекции и транспарентен надзор, како и привремена забрана за градежните зафати кои емитуваат прашина во градовите, во денови со зголемено загадување.




Во однос на секторот индустрија, иницијативата „Излези за воздух“ побара привремена забрана за работа на капацитетите (со А и Б) интегрирани дозволи и воведување времен прекин во деновите со зголемено загадување. Исто така, засилување на инспекцијата и континуиран надзор над индустриските капацитети. Во сите случаи се бара целосна транспаретност при извршените контроли и надзори, бидејќи досега граѓаните добиваа само број на објекти кои биле инспекторирани. И толку. Само број на контроли што ќе влезат во отчет, но без редовни извештаи или анализи по сајтовите на институциите.

Еколошките организации веќе на неколку пати потенцираа дека без јавно посочување прст кон одреден загадувач, без позитивен притисок од јавноста, ваквите бројки не значат ама апсолутно ништо! Не даваат никаков одговор на прашањето кој, колку и зошто загадува. Нема воопшто да се стекне доверба во работата на инспекторатите ако нема конкретна објава за изворите на загадување, и кој точно е санкциониран.

Организациите препорачуваат и среднорочни и долгорочни решенија, а во однос на подобрување на сите медоти за јавен превоз во градовите, промоцирање на велосипедизам, воведување на нови автобуски линии и субвенции за електрични такси возила, како и примена на принципот „загадувачот плаќа" за возилата кои емитуваат над дозволените вредности.

Истовремено, здружената иницијатива „Излези за воздух" напомена и среднорочни мерки и за урбаното зеленило- стимулирање за ново зеленило, соодветен Закон за заштита и унапредување на зеленилото... НВО секторот и граѓаните како приоритет ги потенцираат мерките за подобрување на енергетската ефикасност, меѓу другото преку воспоставување Фонд за енергетска ефикасност и да им се овозможи на граѓаните да го користат. Предлагаат и субвенционирање на топлинските пумпи во домаќинствата со цел да се намали трошење на електрична енергија и огревно дрво за загревање на домовите.
Во однос на обновливите извори на енергија, сметаат среднорочните и долгорочни мерки треба да бидат во насока да се овозможи децентрализирано производство на електрична енергија во домаќинствата. На пример, кровни соларни панели за производство на електрична енергија, покрај веќе субвенционираните панели за топла вода. Исто така, да се стимулира вградување на топлински пумпи во домаќинствата секаде каде што е можно, но и итно донесување национална определба за елиминирање на фосилните горива до 2050 година.

Последно од невладиниот сектор се сигналите дека пет партнерски организации ќе работат на мапирање на проблемот и изнаоѓање решенија во соработка со институциите.

## Макфакс - *Конференција „Младите и Животната Средина“*

МАКФАКС

### Конференција „Младите и Животната Средина“



| | |
|---|---|
| Дата | Сабота, 07 Мај 2016 |
| Време | 09:30 |
| Локација | 29 Ноември 17-21, Скопје |

АјдеМакедонија! и Работната Група за Животна Средина на Мировен Корпус ве поканувaат на овогодинешната конференција за обука која оваа година е на тема: „Младите и животната средина“.

Ќе се фокусираме на доброволното учество на младите во животната средина и како да се започне граѓанското движење со еколошки цели. Конференцијата ќе се одржи во меѓународна фондација Борис Трајковски, 29 Ноември 17-21, Скопје (спроти Универзална сала) од 9.30 до 14.30.

Македонското Еколошко Друштво, НаТочак, и Екологисти без граници (Ekologi brez mej, Словенија) ќе имаат презентации за граѓанско дејствување, волонтерство, и основата на активизмот во животната средина. Конференцијата ќе заврши со активности во работни групи.

Местата се ограничени. Ве молиме, изразете го вашиот интерес за учество во овој формулар.

## МИА - *Од Демир Капија почнуваат акциите за чистење отпад*

СРЕДА, 04 МАЈ 2016, 10:32:20

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

ВАУЧЕР ОД
30.000 ДЕНАРИ

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Од Демир Капија почнуваат акциите за чистење отпад

### Од Демир Капија почнуваат акциите за чистење отпад

Препорачај 0

среда, 04 мај 2016 07:46



**Скопје, 4 мај 2016 (МИА)** - Во организација на Go Green, Ајде Македонија и Грашница, денеска почнува серијата акции за чистење отпад во Скопје, Охрид, Демир Капија, Маврово и Крушево.

Целта е јакнење на јавната свест за проблемот со отпадот особено во туристичките дестинации.

Акциите ќе почнуваат во 10 часот, а за сите учесници се обезбедени вреќи за собирање отпад и ракавици.

Првата акција стартува во Демир Капија, со чистење на пешачките патеки до Чифлик и до село Клисура, а ја организираат Македонија Травел и локалните власти. Во Крушево акциите ќе се одржуваат на 6 и 7 мај со чистење до Мечкин Камен и кај Крушевско Езеро во организација на Хели Клуб од Крушево, на 6 мај во организација на Грашница и Go Green во Охрид ќе се чистат патеки на планината Галичица, на 7 мај ќе се чисти на четири локации кои ги вклучуваат Горица 2, Заливот на коски, село Елшани и Охрид, додека на 8 мај акциите завршуваат со чистење во Скопје и Маврово.

Според организаторите, странските туристи се повеќе се заинтересирани за состојбата со животната средина на дестинацијата која ја посетуваат. Се повеќе туристи се во потрага по „зелени“ дестинации кои се проактивни кон прашањата на животната средина: управувањето со отпадот, јаглеродните емисии, зачувувањето на биодиверзивитетот и водоснабдувањето.

Во Обединетото Кралство, 54 отсто од анкетираните ја земаат предвид екологијата пред да букираат патување, а 82 процента би платиле повеќе за „зелени“ услуги и продукти.

Go Green ги повикува сите граѓани на Скопје, Демир Капија, Охрид, Крушево и Маврово, но и од целата држава, да се приклучат кон акциите. - Мора да се ангажираме сите за да ја зголемиме свеста кај граѓаните за отпадот, воспоставување инфраструктура за управување со отпад и доследна имплементација на веќе донесените правила и планови за управување со отпад, истакнуваат од Go Green.

Во Македонија просечно, еден жител произведува 380 килограми отпад, додека во Охрид поради големиот број туристи просекот е двојно поголем во текот на туристичката сезона. Најголем процент од овој отпад, 99,4 отсто, се одложува на депонии.

Според организаторите, нечистата дестинација ја менува сликата на туристот за убавината на дестинацијата.

Акциите за чистење на отпадот се во соработка со претставници на туристичкиот и јавниот сектор. **мч/скс/07:46**

## MIA - Nga Demir Kapija fillojnë aksionet për pastrimin e mbeturinave

E MËRKURË, 04 MAJ 2016, 11:14:33

MIA AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

ВАУЧЕР ОД 30.000 ДЕНАРИ

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MUL

Ballina | Ekologji | Nga Demir Kapija fillojnë aksionet për pastrimin e mbeturinave

### Nga Demir Kapija fillojnë aksionet për pastrimin e mbeturinave

Препорачај 0

E mërkurë, 04 Maj 2016 8:36



**Shkup, 4 maj 2016 (MIA)** - Në organizim të Go Green, Eja Maqedoni dhe Grashnicë, sot fillon seria e aksioneve për pastrimin e mbeturinave në Shkup, Ohër, Demir Kapi, Mavrovë dhe Krushevë.

Qëllimi është përforcimi i vetëdijes publike për problemin me mbeturinat veçanërisht në destinacionet turistike.

Aksionet do të fillojnë në orën 10:00, ndërsa për të gjithë pjesëmarrësit janë siguruar thasë për mbledhjen e mbeturinave dhe doreza.

Aksioni i parë fillon në Demir Kapi, me pastrimeve e shtigjeve për këmbësorë deri në Çiflik dhe deri në fshatin Klisura, ndërsa e organizojnë Maqedonia travel dhe autoritetet lokale. Në Krushevë aksionet do të mbahen më 6 dhe 7 maj me pastrim deri te Meçkin Kamen dhe deri te liqeni i Krushevës në organizim të Heli Klub nga Krusheva, më 6 maj në organizim të Grashnicës dhe Go Green në Ohër do të pastrohen shtigjet e pyllit Galiçicë, më 7 maj do të pastrohet në katër lokacione të cilat i përfshijnë Goricën 2, Gjirin e kockave, fshatin Elshan në Ohër, derisa më 8 maj aksionet përfundojnë me pastrimin në Shkup dhe Mavrovë.

Siças organizatorëve, turistët e huaj çdoherë e më shumë interesohen për gjendjen me mjedisin jetësor në destinacionin të cilin e vizitojnë. Çdoherë e më shumë turistë janë në hetim pas destinacioneve "të gjelbërta" të cilat janë proaktive ndaj çështjes së mjedisit jetësor: menaxhim me mbeturinat, emetimet e karbonit, ruajtja e biodiversitetit dhe furnizimit me ujë.

Në Mbretërinë e Bashkuar, 54 për qind e të anketuarve e marrin parasysh ekologjinë para se të udhëtojnë, ndërsa 82 për qind do të paguanin më shumë për shërbime dhe produkte të "gjelbërta".

Go Green u bën thirrje të gjithë qytetarëve të Shkupit, Demir Kapisë, Ohrit, Krushevës dhe Mavrovës, por edhe nga tërë shteti të përfshihen drejt aksioneve. "Duhet të angazhohemi të gjithë që ta rrisim vetëdijen te qytetarët për mbeturinat, vendosjen e infrastrukturës për menaxhim me mbeturinat dhe implementimin e duhur të shumë rregullave të sjellura dhe planeve për menaxhim me mbeturinat", theksojnë nga Go Green.

Në Maqedoni mesatarisht një banor prodhon 380 kilogramë mbeturina, derisa në Ohër për shkak të numrit të madh të turistëve mesatarja është dyherë më e madhe gjatë sezonit turistik. Përqindja më e madhe nga këto mbeturina, 99,4 për qind vendosen në deponi.

Sipas organizatorëve, destinacioni i papastër e ndëron fotografinë e turistit për bukurinë e destinacionit.

Aksionet për pastrimin e mbeturinave janë në bashkëpunim me përfaqësuesit e sektorit publik dhe turistik. **sa/ab/08:31**

## Утрински - Од дивите депонии во Велешко собрани 252 кубици отпад

Утрински весник

### ОД ДИВИТЕ ДЕПОНИИ ВО ВЕЛЕШКО СОБРАНИ 252 КУБИЦИ ОТПАД

Велес – Во изминатиот период ЈКП „Дервен“ ги чистеше дивите депонии на повеќе локации во Велешко, како што се брегот на реката Вардар, брегот на реката Тополка, брегот на битолската пруга во градското подрачје, патот за населбата Дурутовец.

„Во рамки на оваа акција, животната средина се растовари од 252 кубни метри отпад кој е транспортиран и соодветно одложен на општинската комунална депонија и на депонијата за земја, шут и друг отпаден градежен материјал“, велат надлежните од Општина Велес.

Годинава за првпат е спроведено и чистење на околината на село Црквино, од каде што се загадуваат и рекреативниот центар и заштитената зона Долна Бабуна.

„Исчистени се и дивите депонии кои се наоѓаат на левата страна на пристапниот пат кон село Црквино, во непосредна близина на природен извор на вода. Оваа депонија која постоеше многу години се наоѓаше на сртот на висорамнина и постоеше опасност од свлекување на комуналниот отпад до реката Бабуна при поголеми атмосферски влијанија“, изјавија од локалната власт.

Инаку, овој месец ЈКП „Дервен“ бесплатно го изнесува и габаритниот отпад од домовите на велешани. Граѓаните можат да се ослободат од мебел, санитарии, столарија... (П.П.)

## +инфо - Данска воведува данок на месо за зачувување на животната средина

www.plusinfo.mk



# Данска воведува данок на месо за зачувување на животната средина

Објавено во 13:05 30 април 2016 | Прочитано 596 | Печати

Share 9 Tweet

Во Данска размислуваат за воведување на данок на месо како облик на борба против климатските промени.

Тоа е предлог на данскиот совет за етика, кој иницијално сака да го оданочува одгледувањето на добиток.

Во иднина данокот би требало да се воведе и на останатите животни во зависност од тоа колку нивното одгледување и штети на економијата.

- Данците се етички обврзани да ги менуваат своите прехрамбени навики - изјавил претставник од советот.

Оттаму додале дека не очекуваат дека потпирањето на потрошувачите сами да го намалат консумирањето на месо ќе даде резултати.

- Ефикасен одговор кон храната која и штети на околината, а кој воедно ќе придонесе до освестување за климатските промени, мора да биде единствено што бара општеството да испрати јасен знак низ регулацијата - изјавил тој.

Речиси целиот етички совет  го поддржало воведувањето на данок на црвено месо -14 од 17 членови гласале за предлозите кои ќе и ги упатат на Данската влада на разгледување.

Сточарството и живинарството се едно од водечките извори за создавање на ефектот на стаклена градина. Според ОН, таа е одговорна за 18 отсто од сите емисии на Земјата што е повеќе од сите штетни емисии кои го произведуваат вкупниот меѓународен сообраќај на планетата.

Всушност, самата стока  сама произведува 10 отсто од вкупната светска емисија на ефект врз стаклената градина, а потрошува и голема количина на вода, најмалку 43.000 литри питка вода и е потребно за да се „направи“ еден килограм говедско месо.